# Re: Informacija od javen karakter za postaveni klima uredi i svetlecki reklami na objekt na ohridska carsija

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

| Примено/E pranua | 28.09.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 03 | 1082/1 | | |

From: Ohrid SOS (ohridsos@gmail.com)

To: zimohrid@yahoo.com

Date: Tuesday, September 26, 2023 at 05:06 PM GMT+2

Почитувани,

Во одговорот на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, во точка четири (4) ни наведовте дека во рок од 30 дена ќе извршите увид на сите амбиентални објекти кои имаат несоодветни инсталации и врз основа на евиденцијата во рок од 45 дена ќе се изработела приоритетна листа за нивно отстранување. Со оглед дека од вашиот одговор поминаа безмалку три месеци, дали во меѓувреме се извршени спомнатите увиди и дали е составена приоритетна листа според која ќе се постапува? Бидејќи гледаме дека оние објекти за кои реагиравме во барањето ги немаат тргнато светлечките реклами, а едниот нити клима уредите поставени на самиот објект.

**Со почит,**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**

[redacted]

**Blog:** OhridSOS
**FB:** OhridSOS
**Twitter:** OhridSOS

> On Mon, Jul 3, 2023 at 11:09 AM Завод и Музеј - Охрид <zimohrid@yahoo.com> wrote:
>
> Povelete,



НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;*
*е-маил: зимохридЖзахоо.цом;* ***жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090***

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS OHE
Бр./Nr. 03-1082/2
20.10.2023
Охрид Ohër

**До**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**
**(ohridsos@gmail.com)**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информации од јавен карактер за поставени клима уреди и светлечки реклами на објект на охридска царшија

**ВЕСКА:** Информација од јавен карактер за поставени клима уреди и светлечки реклами на објект на охридска чаршија(наш бр.03-1082/1 од 28.09.2023 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Ohrid SOS, од 26.09.2023 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-1082/1 од 28.09.2023 година), а во врска со поставување на светлечки реклами и клима уреди на фасада на објект од охридската чаршија, за тоа цитирам:

**1. Во одговрот на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, во точка четири (4) ни наведовте дека во рок од 30 дена ќе извршите увид на сите амбиентални објекти кои имаат несоодветни инсталации и врз основа на евиденцијата во рок од 45 дена ќе се изработела приоритетна листа за нивно отстранување. Со оглед дека од вашиот одговор поминаа безмалку три месеци, дали во меѓувреме се извршени спомнатите увиди и дали е составена приоритетна листа според која ќе се постапува? Бидејќи гледаме дека оние објекти за кои реагиравме во барањето ги немаат тргнато светлечките реклами, а едниот ниту клима уредите поставени на самиот објект.**

Врз основа на член 13 ст. 3 и 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата НУ Завод и Музеј – Охрид, преку овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) Ви ги доставува следните информации:

Во врска со вашето барање информација од јавен карактер, а притоа имајќи го предвид член 3 став 1 точка 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) за тоа што е информација од јавен карактер, дека тоа е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, Ве информираме за следното:

**1. НУ Завод и Музеј – Охрид изврши целосен увид врз заштитените културни добра и амбиенталните објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамки на Старото градско јадро на Охрид.**

**2. Согласно Извадокот од Нацрт – записникот од Сто осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 26 септември 2023 година бр. 41-9086/4 (наш бр. 03-1081/1 од 28.09.2023 година), ТОЧКА 31: Информација за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, односно точка 3 од горенаведената информација, стручните служби при НУ Завод и Музеј – Охрид веќе отпочна со евиденција на заштитените културни добра и амбиенталните објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамки на Старото градско јадро на Охрид, врз основа на извршениот увид. Истата ќе биде завршена во рок од 30 работни дена или поточно до крајот на месец октомври 2023 година.**

**3. Согласно Извадокот од Нацрт – записникот од Сто осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 26 септември 2023 година бр. 41-9086/4 (наш бр. 03-1081/1 од 28.09.2023 година), ТОЧКА 31: Информација за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, односно точка 4 од горенаведената информација, стручните служби при НУ Завод и Музеј – Охрид во рок од 30 дена почнувајќи од месец ноември, врз основа на остварени увиди ќе донесе приотитетна листа за отстранување на сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамки на Старото градско јадро на Охрид.**

**4. Согласно Извадокот од Нацрт – записникот од Сто осумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 26 септември 2023 година бр. 41-9086/4 (наш бр. 03-1081/1 од 28.09.2023 година), ТОЧКА 31: Информација за потребата од преземање на итни мерки за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, односно точка 5 од горенаведената информација, стручните служби при НУ Завод и Музеј – Охрид во почетокот на месец декември приоритетната листа за отстранување ќе ја достави до Управата за заштита на културно наследство – Скопје, која во рок од 15 дена треба да донесе решенија за примена на мерки на заштита за отстранување на сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами.**

Со почит,

Службено лице за посредување со

информации од јавен карактер

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

------------------------------

в.д. Директор,

М-р Ирена Шајн

------------------------------